Општинска установа
Дом на културата
Тоше Арсов
Бр. 04-159
19.12. 2019 год.
ВИНИЦА

Согласно член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18) и член 16 од Статутот на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов"-Виница бр.02-03 од 11.01.2016 година, директорот на Дом на култура „Тошо Арсов" – Виница донесе:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за работно место стручен соработник за визуелна уметност архитектура и дизајн**

1. За работното место: Стручен соработник за визуелна уметност архитектура и дизајн, шифра на работно место КУЛ 03 04 Г02 005, се избира кандидатот: Благица Стојановска.
2. Именуваниот ќе биде вработен на наведеното работно место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Во врска со објавениот оглас бр. 02/2019 објавен на ден 28.11.2019 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", Комисијата за постапка за вработување формирана со решение бр. 04-144/8 од 13.12.2019, на ден 16.12.2019 година, спроведе проверка на веродостојноста на доказите на единствениот кандидат за наведеното работно место.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите Комисијата за постапка за вработување достави предлог кандидат бр. 04-144/10 од 16.12.2019 год. Врз основа на предлог доставен од страна на Комисијата за постапка за вработување, директорот на Дом на култура „Тошо Арсов" -Виница изврши избор како во диспозитот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Општинска установа Дом на култура „Тошо Арсов" –Виница во рок од осум дена од објавување на одлуката на огласната табла и страната на општина Виница.

ОУ Дом на култура

„Тошо Арсов"- Виница

Директор,

Јовица Илиев

Општинска установа Дом на културата Тошо Арсов ВИНИЦА